**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-13822/1
19-12-2024
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 , 215/2021, 99/2022 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.08/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје - Виш инспектор, шифра ИНС0101Б04001, на ниво Б4, Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје, Сектор - Инспекторат на Градот Скопје, се избира кандидатот **Дарко Мицевски**.
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 02.12.2024 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави Интерен оглас бр.08/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-12804/6 од 06.12.2024 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје - Виш инспектор, шифра ИНС0101Б04001, на ниво Б4, Одделение за инспекциски надзор над животната средина во Град Скопје, Сектор - Инспекторат на Градот Скопје, предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Дарко Мицевски.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**